***ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ – МЕЃАШИ***
***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

Адреса: ул. "Коста Новаковиќ" бр. 22 а, Скопје
Тел: (02) 2465-316; Тел/Факс: (02) 2463-900
info@childrensembassy.org.mk; www.childrensembassy.org.mk

*Информатор бр. 21*
*Мај – Јуни 2005*

**Во овој број:**

1. ***0800 1 2222 - БЕСПЛАТЕН СОС ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ***
2. ***ДЕТСКИТЕ РАБОТИЛНИЦИ ГО ОДБЕЛЕЖАА 12-ТИ ЈУНИ МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ПРОТИВ ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕТСКИ ТРУД***
3. ***ДЕЛЕГАЦИЈА ОД НАШАТА АМБАСАДА НА ПРИЕМ КАЈ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
4. ***ОСТВАРЕНИ СРЕДБИ СО АМБАСАДОРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
5. ***МРЕЖА НА НАСТАВНИЦИ ЗА НЕНАСИЛНА РАЗРАБОТКА НА КОНФЛИКТИ***
6. ***20-ТИ ЈУНИ МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА БЕГАЛЦИТЕ***
7. ***КОНСОЛИДАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ – МЕЃАШИ***
8. ***СЛУЧАИ НА КРШЕЊА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА***
9. ***УЧЕСТВА***
10. ***ДОНАЦИИ***

## *1. 0800 1 2222 - БЕСПЛАТЕН СОС ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ*




СОС телефонот за деца и млади, кој успешно функцинира веќе 12 години (над 15.000 повици) од 1 Јуни 2005 година, благодарение на поддршката на АД Македонски Телекомуникации е бесплатен. Новиот телефонски број е **0800 1 2222.** На овој

број може да се јавуваат децата, младите како и возрасните (родители, старатели, баби, дедовци и др) во случаи кога се работи за кршење на детските права или за други проблеми на децата. Овој телефон функционира секој работен ден од 8.30 до 20.30 часот, а од 16.30 – 20.30 часот работи бесплатно СОС советувалиште кое овожможува директен контакт со стручно лице – дипл. психолог Флоријан Наумов.



За афирмација на новиот бесплатен телефонски број на 02 Јуни, организиравме прес, а на новинарите им беше презентиран и промотивен материјал, спот и брошура.

Во рамките на кампањата за промоција на новиот бесплатен број, членовите на СОС тимот дадоа поголем број на интервјуа за електронските и пишаните медиуми: Актуел, Поглед, Нова Македонија, Вечер, Вест, Утрински Весник, Дневник, Македонија Денес, А1 Телевизија.

**По доделениот бесплатен телефонски број, повиците се зголемија 4 пати** и апелираме до медиумите за почесто емитување на спотот со цел да допре до децата и младите за кои истиот е наменет.

Исто така, упатуваме благодарност до CHI (Child Helpline International) за поддршката што ни ја даваат.

Во периодот од 22 до 24 Април, СОС тимот со супервизорот Станислав Петковски – специјалист по медицинска психологија, одржаа викенд тренинг во Охрид, а во групата се приклучија 5 нови волонтери.

Координатор на СОС телефонот за деца и млади е Маја Корубин, а во наредните неколку месеци Агенцијата за млади и спорт финансиски ќе поддржи дел од трошоците на СОС службата.

## *2. ДЕТСКИТЕ РАБОТИЛНИЦИ ГО ОДБЕЛЕЖАА 12-ТИ ЈУНИ МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ПРОТИВ ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕТСКИ ТРУД*

На 12-ти Јуни организиравме претстава по повод Меѓународниот ден против злоупотреба на детскиот труд. По овој повод испративме соопштение до средствата за информирање дека според нас, над 1.500 деца во Скопје се жртви на детски труд.



Според меѓународната организација на трудот 250 милиони деца од пет до четиринаесет години се жртви на детски труд, од кои околу 1 милион деца работат во рудници, каменоломи и сл.

На претставата учествуваа нашите

деца – членови со театарска изведба “И ние имаме право на среќно детство” под водство на волонтеркта Нермина Нумановиќ. Членовите од работилниците по англиски јазик, под водство на трите волонтерки: Даниела Арсиќ, Билјана Коцевска, Славица Јосифова ја подготвија едночинката “Главната принцеза” изведена на англиски јазик.

Во претставата, покрај децата членови на детските работилници, учествуваа и младинците од Домот за деца „25 Мај“, со две танцови нумери, организирани под водство на Мила Царовска, како и ученици од средното медицинско училиште “Д-р Панче Караѓозов” со своја денс изведба.

Голем број родители и деца ја следеа претставата, а за настанот известуваа електронски и пишани медиуми: МТВ, А1 Телевизија, Телма, Сител, Канал 5, Дневник, Вечер и Вест.

На сите учесници на Детските работилници им доделивме Дипломи, а на раководителите на детските работилници – Благодарници за нивната доброволна ангажираност.

По завршувањето на приредбата на сите присутни деца им беа доделени маици од спонзорот *АмВон Комуникации* – Скопје.

Проектот Детски работилници е координиран од Тамара Радуловиќ – Јовановска, а финансиски е поддржан од Австралиската амбасада во Белград.

### *3. ДЕЛЕГАЦИЈА ОД НАШАТА АМБАСАДА НА ПРИЕМ КАЈ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Во рамките на светската кампања “Глобална акција за образование”, за вклучување на сите деца во училиштата, на 13 Април 2005 година делегација од нашата Амбасада во соработка со партнерските организации: ЗГ Сончогледи, Здружение за заштита на правата на децата, ЦОП Дендо Вас, Сумнал, Мир, Ирхом и Филозофскиот факултет - институт по дефектологија, сите од Скопје и РОЖМ Даја, ЦРЗ Дром, ЗГ Доверба од Куманово, Светла иднина од Кочани, Специјалниот завод од Демир Капија, имавме средба со Претседателот на Република Македонија, Бранко Црвенковски.

Во Република Македонија 20.000 деца од различни причини се исклучени од нивното основно право – правото на образование.



Претседателот потпиша гаранција со која се обврза дека за време на неговиот мандат континуирано и без исклучок ќе се залага за вклучување на децата во образовниот систем, истакнувајќи дека образованието претставува едно од

елементарните човекови права.

Проектот е финансиран од OXFAM (Велика Британија), а координатори на оваа кампања беа Жарко Радически, Елена Дамјанова и Убавка Зимбакова.

### *4. ОСТВАРЕНИ СРЕДБИ СО АМБАСАДОРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

За подобро запознавање, информирање на активностите, работата и мисијата на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, Стефан Плескониќ – Дете Амбасадор и м-р Драги Змијанац – Извршен директор на Амбасадата Меѓаши оствария средби со Амбасадорите во Република Македонија.



- На 04.05.2005 год. средба со Роберт Чатертон Диксон, Амбасадор на Британија во Република Македонија;
- Со д-р Ференц Пока, Амбасадор на Република Унгарија во Република Македонија остварена е средба на 05.05.2005 год.;
- На 08.05.2005 год. со Ана Корнароу, лице за работи од културен и образовен интерес од Грција во Република Македонија;

Со Фредерикуе М. де Ман, Амбасадорка на Холандија во Република Македонија на 30.05.2005 год.

### *5. МРЕЖА НА НАСТАВНИЦИ ЗА НЕНАСИЛНА РАЗРАБОТКА НА КОНФЛИКТИ*

Во рамките на проектот „Другарување преку меѓуетничка соработка во 5 мултиетнички клуба во средни училишта во Скопје, Тетово и Куманово" на 28.05.2005 год. беше организиран прввиот состанок за воспоставување мрежа на наставници за ненасилна разработка на конфликти.

Ова е обид да се формира мрежа или група на индивидуалци за ненасилна разработка на конфликти бидејки според наши сознанија таква

не постои, а сметаме дека има потреба од истата. Вмрежувањето на наставниците од овие клубови ќе промовира подобра взаемна комуникација и иницијатива, ќе го зајакне процесот на промоција на заедничкиот соживот и ќе биде подлога за размена на искуства.

Покрај наставниците во мрежата ќе бидат вклучени педагози и други лица кои учествувале на тренинзи за ненасилна разработка на конфликти или се заинтересирани за оваа проблематика. Учеството во мрежата ќе биде на волонтерска основа и без формалности, а улогата на Детската амбасада Меѓаши е да ја иницира идејата и да ги организира првите состаноци.



На средбата се разговараше за користа од вмрежувањето на наставниците, проблемите со кои се соочуваат во секојдневниот живот во нивното училиште како и за начинот како би се разрешиле тие проблеми.

Беше постигнат заеднички договор во септември да се организира средба со директорите на училиштата во кои работат професорите како и да се организира втора средба за вмрежување.

Останати активности кои се спроведоа во рамките на истиот проект се: во ДСМУ Д-р „Панче Караѓозов" работеше групата по денс –театар. Активноста ја посетуваат околу 15 млади средношколци кои подготвија 5 минутна пиеса и истата ја прикажаа по повод 12 Јуни – Меѓународниот ден против злоупотреба на детски труд и на 17 Јуни на аукцијата на мозаици организирана од страна на невладината организација "Рубикон". На истата, на сите посетители им беа поделени оригами – цвеќиња изработени од Цветанка Василева, волонтерка на работилницата по оригами при Амбасадата Меѓаши. Првата детска амбасада во светот - Меѓаши купи 3 мозаика со што го потпомогна финансирањето за одењето на децата на одмор од с. Драгоманци.

Во ДСУ Никола Карев работеше 1 група на средношколци на следниве теми: тимска работа, насилство, идентитет, разбирање на конфликти, перцепција, ненасилна комуникација итн. Со учениците работеа професорките Нада Јанковиќ и Павлина Божинова. Во мај оваа група оствари посета на театарска претстава во Драмски театар Скопје и ја посети еврејската заедница во Македонија.

Во ДСУ Наце Буѓони од Куманово професорите организираа излет до местото спомен костурница. На излетот присуствуваа 30-тина деца од различни националности кои учествуваа во разни заеднички спортски активности.



Во ДСМУ “Д-р Панче Караѓозов" заврши со работа групата по албански јазик

организирана од професорката Макфирете Ибраими. На јазичната работилница по албански јазик учествуваа околу 40-тина ученици меѓу кои имаше и професори од училиштето.

Проектот е финансиран од Европската комисија, а координиран е од Митко Ѓоргиев.

### *6. 20-ТИ ЈУНИ МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА БЕГАЛЦИТЕ*

По повод Меѓународниот ден на бегалците, Првата детска амбасада во светот - Меѓаши испрати соопшение до сите медиуми потсетувајќи дека: на 15-ти Јуни пред 4 години во нашето Прифатилиште за деца во кризна состојба згрижившме 13 лица од Арачиново, протерани од своите домови. Во меѓувреме се родија три бебиња и сега нивната бројка е 16 лица. Нивниот статус сеуште не е решен, а Владата, меѓународните организации и невладините организации треба да помогнат во изнаоѓање трајно решение.

Од вкупно 1130 внатрешно раселени лица во Република Македонија, над 60% се мајки и деца. Тие се сместени во колективни центри, во несоодветни услови за задоволување на основните егзистенциални потреби.

Исто така од 1999 година во Република Македонија се уште се згрижени 2136 лица од Косово баратели на азил, поранешно хуманитарно згрижени лица и идни лица со статус на бегалци.

Во светот има над 17,000,000 бегалци од кои над 60% се деца и мајки.

Ова соопштение го објавија следниве медиуми: Телма Телевизија, Вечер и Урински весник, информирајќи поопширно за состојбата на бегалците во Македонија и пошироко.

### *7. КОНСОЛИДАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ – МЕЃАШИ*

Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, во рамките на програмата на МЦМС за јакнење на стратешките граѓански организации (2004-2007), и оваа година побара ревизија на работењето на Амбасадата Меѓаши. Ревизијата ја изврши ревизорската куќа КПМГ, во согласност со меѓународните стандарди на ревизија и според нивно мнение финансиските извештаи на ПДАС Меѓаши реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на организацијата за 2004 год. и финансиското работење е во согласност со македонските закони.

Амбасадата Меѓаши заедно со 11 невладини организации, членки на ГПМ, ќе учествува на Конференција насловена како „Заедно за

транспарентност”, организирна од МЦМС. Истата има за цел да придонесе кон подобрување на транспарентноста на граѓанскиот сектор и имиџот во јавноста, а ги вклучува следниве активности: заедничко објавување на ревизорските извештаи, заедничка прес-конференција и заедничка јавна презентација („отворен ден” каде секоја организација во период од 15 минути ќе ги презентира своите активности пред заинтересираните граѓани и медиумите).

## *8. СЛУЧАИ НА КРШЕЊА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА*

❖ Како што Ве информиравме во еден од минатите броеви, врз Виктор Димовски, ученик во ОУ “Димо Хаџи Димов” – Скопје, беше применето физичко насилство од страна на возрасно лице – Славе Дамчевски во просториите на училиштето.

По поднесената претставка до Народниот правобранител, истиот писмено не извести дека го информирале и Министерството за внатрешни работи за овој случај. Славе Дамчевски, согласно правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи, бил предупреден во иднина да не навлегува во никакви расправии со родители и ученици во ОУ “Димо Хаџи Димов” – Скопје, каде учи неговиот син Игор. Од страна на Секторот за внатрешни работи, против Славе Дамчевски е поднесена прекршочна пријава, за сторен прекршок од Законот за прекршоци.

❖ По повод објавувањето на текстот во дневниот весник „Дневник“ за порно страница преку која се врбуваат малолетници од Македонија за порнографски цели, Амбасадата Меѓаши реагираше истакнувајќи дека станува збор за класична злоупотреба на децата за сексуални цели. Сметаме дека државата како потписник на Конвенцијата за правата на детето треба да преземе соодветни мерки. Според член 34 од Конвенцијата се вели “Државите потписнички се обврзуваат да ги штитат децата од сите облици на сексуално искористување и сексуално малтретирање. За таа цел државите членки особено е да ги преземаат сите соодветни национални билатерални и мултилатерални мерки за спречување на:

а) наведување или принуда на детето за учество во која и да е незаконска активност;

б) искористување на децата за проституција или други незаконски сексуални дејства;

ц) искористување на децата во порнографски претстави и материјали”.

❖ Во еден од минатите броеви Ве информиравме дека во месец јануари добивме пријава дека ученикот Иле Василев беше физичко малтретиран од страна на директорот на ОУ “Гоце Делчев“ – с. Василево, Струмица.

Одговор на нашата претставка од Народниот Правобранител е дека против директорот на училиштето кој применил физичка сила врз ученикот е поднесена прекршочна пријава во смисла на членовите од Законот за основно образование со кои е предвидена парична казна за прекршок во случај на телесно и психичко малтретирање на ученик, и постапката околу овој случај е завршена.

❖ Во врска со случајот на група родители на учениците од II б одделение од ОУ “Владо Тасевски” – Скопје кои до Првата детска амбасада на светот – Меѓаши поднесоа барање изразувајќи незадоволство од работата на наставничката Лидија Митиќ, која според нив неправилно и непедагошки го водела наставно – образовниот процес, Амбасадата го извести Народниот правобранител.

Во писменото известување од Народниот правобранител се вели дека на одржаната средба со родителите било разговарано со наставничката, Државниот просветен инспекторат и родителите не дале забелешки за работата на наставничката за учебната 2003/2004 година, кога учениците биле во I одделение, се до почетокот на второто одделение, односно до 24.09.2004 година.

Поради неплатено отсуство на споменатата наставничка, за реализација на наставната програма на одделението била обезбедена замена и наставата се одвивала без потешкотии и ја водела друга наставничка која е примена на местото на наведената наставничка. Следниве месеци очекуваме известување од Народниот правобранител за преземените мерки.

❖ Во еден од претходните броеви на информаторот, Ве известивме дека ние и Здружението за заштита на правата на детето, во декември 2004 г. поднесовме кривична пријава до Јавното Обвинителство против сторители кои дистрибуираат и продаваат приватни аматерски порно снимки до јавноста, на кои е снимена малолетничка од едно скопско училиште.

Од Основното Јавно Обвинителство по однос на истата на ден 27.04.2005 год. добивме известување дека е поднесено барање за собирање на потребните известувања и преземање мерки за откривање на сторителот.

❖ По повод анонимана пријава за случајот “остранување на недисциплиниран” прво одделенецот Н.Ј. од училиштето “11 Октомври”,

нашата СОС служба ја контактираше директорката на училиштето во кое учи ученикот и ќе се преземат повеќе мерки за прифаќање од другарчињата во одделението и негова социјализација.

## *9. УЧЕСТВА*

- Од 28.03 – 01.04.2005 год. Жарко Радически, Елена Дамјанова, волонтери од нашата Амбасада, учествуваа на семинар "Театарски вештини" во Детски театарски центар;
- Од 04 – 08.04.2005 год. нашите волонтерки Мирјана Милческа, Наталија Мартиновска, Азрина Дупљак, Виолета Димовска, Билјана Митева, учествуваа на семинарот "Тренинг за тренери" во Детски театарски центар;
- На 11.05.2005 год. на петтата седница на Генералното собрание на Коалицијата "Сите за правично судење" учествуваа м-р Драги Змијанац – извршен директор на Амбасада Меѓаши и Катерина Коневска – волонтерка;
- На 30.05.2005 год. на Конференција за Нацрт на верзијата на документот Национален план за акција за заштита на детските права од јануари 2005 год. (Образование) учествуваа м-р Драги Змијанац – извршен директор на Амбасада Меѓаши и Катерина Коневска – волонтерка.

## *10. ДОНАЦИИ*

Амбасадата Меѓаши од почетоците на своето работење спроведува и развива активности од социјално хуманитарен карактер. Социјална служба постои и одговара на потребите на голем број лица кои бараат различни видови на помош: храна, облека, обувки, хигиенски средства, лекови.

И овие месеци, ангажманите на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши се насочени кон обезбедување и набавка на хуманитарна помош во храна, облека, обувки за 15 социјално загрозени семејства и на 4 семејства во нашето прифатилиште. Волонтерката Мери Николовска е одговорна за социјалната служба.

Благодарност до донаторите: *Џсп Актуел* – Скопје; *Олми* – Куманово; *Јого Меркур* – Скопје; *Нана Комерц* – Скопје; *Ким* – Скопје; *ИФБ* – Скопје; *Соко Штарк* – Скопје; *Мак Прогрес* – Струмица; *Везе Шари* – Скопје; *Богданци* – Богданци; *Сунииленс* – Скопје; *Памиско* – Скопје; *Фуга* – Скопје; *20 Мај Комерц* – Скопје; *Магнолија Комерц* ; *Кватро* – Скопје; *Кри Кри* – Куманово; *Фурна Диме* – Скопје; *АРС Комерц* – Скопје; *Александар Ѓокиќ* – Скопје; *Макако* – Скопје; *Бонвита*

– Скопје; *Ависо* – Скопје; *Пик врбовац* – Скопје; *Миско* – Скопје; *Делта 6* – Скопје; *Дубаи М & М* – Скопје; *Моневере* – Тетово; *АВТ Интернеционал* – Скопје; *Ланкони* – Скопје; *Мирана* – Неготино; *Универзал промет* – Штип; *Мега* – Скопје; *Виа Пром* – Охрид; *Млеко производ* – с. Зелениково, Скопско; *Макс* – Струмица; *Кеги шус* – Скопје; *Графити* – Скопје; *Драмски театар* – Скопје; *Маја Компани* – Скопје; *Лион* – Свети Николе.

До следниот број
Срдечен поздрав,

од тимот на
Првата Детска Амбасада во Светот – Меѓаши
Република Македонија

***Информаторов се праќа двојазично (македонски и англиски).***
***Доколку не сакате да го добивате истиот, вратете ни повратен маил со Subject: Remove***